РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer. 03-8
15.01.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 53 став 4 алинеја 3 и став 5, а во врска со ставовите 6 и 19 од истиот член од цитираниот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-5538/1 од 23.12.2025 година и Заклучокот арх.бр.02-174/3 од 14.1.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 1 седница одржана на 14.1.2026 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, заради извршена повреда на член 53 став 4 алинеја 3 и став 5, а во врска со ставови 6 и 19 од истиот член на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што на радиопрограмскиот сервис на радиодифузерот, емитуван на 3 декември 2025 г., во четири рекламни блока беше емитувана аудиокомерцијална комуникација во која лажно се претставуваа природата и карактеристиките на рекламираната услуга и притоа се поттикнуваше однесување кое е штетно за здравјето.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-5538/1 од 23.12.2025 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е

извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 53 став 4 алинеја 3 од ЗАВМУ, аудиовизуелните комерцијални комуникации не смеат да поттикнуваат однесување кое е штетно за здравјето или безбедноста. Забранети се аудиовизуелни комерцијални комуникации со кои лажно ќе се претставува природата, карактеристиките, квалитетот или географското потекло на производите, услугите или комерцијалните дејности (член 53 став 5 од ЗАВМУ).

Во член 53 став 6 од ЗАВМУ пропишано е дека за веродостојноста и точноста на тврдењата и податоците во аудиовизуелните комерцијални комуникации е одговорен нивниот нарачател, а за нивната усогласеност со закон одговорниот уредник во давателот на аудиовизуелната медиумска услуга. Одредбите од овој член на соодветен начин се применуваат и на аудиокомерцијалните комуникации (член 53 став 19 од ЗАВМУ).

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 22 декември 2025 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на радиопрограмскиот сервис на ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, емитуван на 3 декември 2025 г., на локално ниво (на подрачјето на општина Свети Николе), при што констатираше прекршување на член 53 став 4 алинеја 3 и став 5, а во врска со ставовите 6 и 19 од истиот член од ЗАВМУ, бидејќи, во неколку наврати, емитуваше аудиокомерцијална комуникација во која лажно се претставуваа природата и карактеристиките на рекламираната услуга и притоа се поттикнуваше однесување кое е штетно за здравјето. Имено, со надзорот е констатирано дека ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, во четири рекламни блока емитуваше аудиокомерцијална комуникација/рекламен оглас со следнава содржина: - *"Лекувам бактерии, цисти, ноќно мокрење, камен во бубрег, анксиозност, трауми, шилци, спондилоза, канцер, бронхит, дијабетис, недоразбирање во брак и депресии. Лекуваме на далечина, на Вибер - информации на телефон 077 900 325"* (детално спецификувани по датум, наслов на емисија, период на емитување (со почеток и крај) и опис на прекршување во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-5538/1 од 23.12.2025 г.).

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, на 25.12.2025 г., испрати Допис наш арх.бр.10-5538/2 од 25.12.2025 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-5538/1 од 23.12.2025 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 30.12.2025 г. Во предвидениот рок, односно на 31.12.2025 г., ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе до Агенцијата достави Писмено изјаснување наш арх.бр.10-5538/3 од 31.12.2025 година. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 14.1.2026 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување од радиодифузерот и заклучи на ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, член 53 став 4 алинеја 3 и став 5, а во врска со ставовите 6 и 19 од истиот член од Законот, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-5538/1 од 23.12.2025 г. и Заклучокот арх.бр.02-174/3 од 14.1.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 1 седница одржана на 14.1.2026 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, и му се наложува, веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-5538/1 од 23.12.2025 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе;
- Управителот на ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе;
- Одговорното лице на програмата во ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 23.12.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 5538/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе;
3. **Период опфатен со надзорот:** 3 декември 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 декември 2025 година;
5. **Предмет на надзорот**:
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудио комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз радиопрограмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, емитуван на локално ниво на 3 декември 2025 година, **констатирани се прекршувања на член 53 став 4 алинеја 3 и на член 53 став 5, а во врска со член 53 ставови 6 и 19 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ)** бидејќи, во неколку наврати, емитуваше аудиокомерцијална комуникација во која лажно се претставуваа природата и карактеристиките на рекламираната услуга и притоа се поттикнуваше однесување кое е штетно за здравјето.

ЗААВМУ, во член 53 став 19 пропишува дека одредбите од тој член „на соодветен начин се применуваат и на аудиокомерцијалните комуникации", додека во став 6 од истиот член пропишува оти „за веродостојноста и точноста на тврдењата и податоците во аудиовизуелните комерцијални комуникации е одговорен нивниот нарачател, а за нивната усогласеност со закон одговорниот уредник во давателот на аудиовизуелната медиумска услуга".

Понатаму, во член 53 став 4 алинеја 3 е пропишано дека комерцијалните комуникации не смеат „да поттикнуваат однесување кое е штетно за здравјето или безбедноста", а во став 5 дека: „Забранети се аудиовизуелни комерцијални комуникации со кои лажно ќе се претставува природата, карактеристиките, квалитетот или географското потекло на производите, услугите или комерцијалните дејности".

Радио Модеа, во четири рекламни блока емитуваше аудиокомерцијална комуникација/рекламен оглас со следнава содржина:

- *"Лекувам бактерии, цисти, ноќно мокрење, камен во бубрег, анксиозност, трауми, шилци, спондилоза, канцер, бронхит, дијабетис, недоразбирање во брак и депресии. Лекуваме на далечина, на Вибер - информации на телефон 077 900 325".*

**03.12.2025 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | |
| Огласи и соопштенија | 04:50:03 | 04:50:22 | Комерцијална комуникација во која лажно се претставуваат природата и карактеристиките на рекламираната услуга и притоа се поттикнува однесување кое е штетно за здравјето |
| Огласи и соопштенија | 07:22:17 | 07:22:36 | |
| Огласи и соопштенија | 11:23:14 | 11:23:33 | |
| Огласи и соопштенија | 15:34:40 | 15:34:59 | |

**8. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на член 53 став 4 алинеја 3 и на член 53 став 5, а во врска со член 53 ставови 6 и 19 од ЗААВМУ, на радиопрограмскиот сервис на ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, на 3 декември 2025 година, во четири рекламни блока беше емитувана аудиокомерцијална комуникација во која лажно се претставуваа природата и карактеристиките на рекламираната услуга и притоа се поттикнуваше однесување кое е штетно за здравјето.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, и согласно точката 12 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4241/1 од 01.10.2025

година, да му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***